**ЗАПИСНИК**
**од шеесет и третата седница на Совет на Општина Гевгелија**
**одржана на 29.06.2021 година**

На шеесет и третата седница на Советот на општината која се одржа со почеток во 11 часот присуствуваа 18 члена на Советот од вкупно 19 члена колку што брои Советот.

**Покрај членовите на Советот на седницата беа поканети и присуствуваа:**

**Сашо Поцков Градоначалник на Општина Гевгелија, Лилјана Кичукова вработена во општината, Тодор Тошев вработен во општината и Златко Зумров директор на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија.**

Откако констатираа дека постои кворум за полноважно одлучување,Претседателот на Совет, Тодор Ристов ја отвори шеесет и третата седница на Совет на Општина Гевгелија.

Претседателот отвори расправа по записникот од шеесет и втората седница

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот го стави на гласање записникот од шеесет и втората седница и **Советот едногласно го усвои.**

За работа на шеесет и втората седница на Совет ,е предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1.Предлог-Решение за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Гевгелија,

2.Предлог-Решение за верификација на мандат на нов член на Советот на Општина Гевгелија,

3.Предлог-Одлука за пренамена на Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година,

4.Предлог-Решение за усвојување на измените и дополнувањата на финансовиот план на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија по ставки и потставки (блок дотации за периодот јануари-декември 2021 година) за сметка 7150108087 903 13,

5.Предлог-Решение за усвојување на измените и дополнувањата на Финансовиот план на ООУ "Крсте Мисирков"- Гевгелија по ставки и потставки (блок дотации за периодот јануари-декември 2021 год.) за сметка 7150108079 903 10,

6.Предлог-Решение за усвојување на измените и дополнувањата на Финансовиот план на ООУ "Климент Охридски"- Миравци по ставки и потставки (блок дотации за периодот јануари-декември 2021 година) за сметка 715010809590316

7.Предлог-Одлука за позајмица на средства од Општинскиот буџет за реализација на Проектот: Одржливо управување на прекуграничните водни ресурси, реф. Бр. AQUA-M II-CN1- SO 2.3 – SC021,

8.Предлог-Одлука за определување на крајбрежен појас на водотек, река Рауљ, низ блок 10.5 на град Гевгелија, опфатен со Урбанистички план за измена и дополнување на ДУП за дел од блок 10.5 на град Гевгелија.

9.Предлог-Одлука за давање на користење и располагање на Градскиот стадион – Фубалското игралиште во Гевгелија на ФК "Кожуф"-Гевгелија,

10.Предлог-Решение за именување членови во Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Гевгелија од редот на членовите на Советот на Општина Гевгелија,

11.Информација за состојбата со јавното осветлување во населените места во општина Гевгелија,

12.Информација за состојбата со занаетчиската дејност во општина Гевгелија.

13.Предлог-Решение за давање согласност на финансискиот извештај на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за периодот 01.01.2021г. – 31.03.2021 година.

Дополнително е доставена точката:

- Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на Југоисточниот плански регион, бр.07-230/1 од 29.01.2008 година.

**Тодор Ристов Претседател на Совет** отвори претрес по предложениот дневен ред :

**Анета Стамков член на Совет** во име на советничката група на ВМРО-ДПМНЕ предложи да се стави нова точка на Дневен ред за разгледувања на барањата од наставниците односно просветните работници од основните училишта за исплата на надоместок за прекувремената работа за учебната 2020/2021 година.

**Томе Кичуков член на Совет** исто така даде предлог на Дневен ред да се стави точка за разгледувања на барањата на наставниците од основните училишта за исплата на надоместок за прекувремената работа за учебната 2020/2021 година.

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање и **Советот го усвои** и се премина кон расправа по точките.

**Точка 1. Предлог-Решение за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Гевгелија.**

Бидејќи за оваа точка не се води расправа Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Гевгелија и **Советот со 18 гласа за го усвои .**

**Точка 2. Предлог-Решение за верификација на мандат на нов член на Советот на Општина Гевгелија**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за верификација на мандат на нов член на Советот на Општина Гевгелија

Во претресот по точката учествуваа: **Перо Стојанов член на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за верификација на мандат на нов член на Советот на Општина Гевгелија и **Советот со 17 гласа за го усвои и го верификува мандатот на советникот Димитар Јанев** и потоа се премина на читање и потпишување на свечената изјава.

**Точка 3. Предлог-Одлука за пренамена на Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за пренамена на Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година.

Во претресот по точката учествуваа: **Лилјана Кичукова вработена во општината, Сашо Поцков Градоначалник на Општина Гевгелија, Тихомир Ручкоманов ,Ристо Камов членови на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлука за пренамена на Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година и **Советот со 11 гласа за и 4 против ја усвои.**

**Точка 4. Предлог-Решение за усвојување на измените и дополнувањата на финансовиот план на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија по ставки и потставки (блок дотации за периодот јануари-декември 2021 година) за сметка 7150108087 903 13.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за усвојување на измените и дополнувањата на финансовиот план на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија по ставки и потставки (блок дотации за периодот јануари-декември 2021 година) за сметка 7150108087 903 13.

Во претресот по точката учествуваа: **Трајко Арџанлиев член на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на измените и дополнувањата на финансовиот план на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија по ставки и потставки (блок дотации за периодот јануари-декември 2021 година) за сметка 7150108087 903 13 и **Советот со 10 гласа за ,5 против и 1 воздржан го усвои .**

**Точка 5. Предлог-Решение за усвојување на измените и дополнувањата на Финансовиот план на ООУ "Крсте Мисирков"- Гевгелија по ставки и потставки (блок дотации за периодот јануари-декември 2021 год.) за сметка 7150108079 903 10.**

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на измените и дополнувањата на Финансовиот план на ООУ "Крсте Мисирков"- Гевгелија по ставки и потставки

(блок дотации за периодот јануари-декември 2021 год.) за сметка 7150108079 903 10 и **Советот со 10 гласа за ,5 против и 1 воздржан го усвои .**

**Точка 6. Предлог-Решение за усвојување на измените и дополнувањата на Финансовиот план на ООУ "Климент Охридски"- Миравци по ставки и потставки (блок дотации за периодот јануари-декември 2021 година) за сметка 715010809590316.**

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на измените и дополнувањата на Финансовиот план на ООУ "Климент Охридски"- Миравци по ставки и потставки (блок дотации за периодот јануари-декември 2021 година) за сметка 715010809590316.и **Советот со 10 гласа за ,5 против и 1 воздржан го усвои .**

**Точка 7. Предлог-Одлука за позајмица на средства од Општинскиот буџет за реализација на Проектот: Одржливо управување на прекуграничните водни ресурси, реф. Бр. AQUA-M II-CN1- SO 2.3 – SC021.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за позајмица на средства од Општинскиот буџет за реализација на Проектот: Одржливо управување на прекуграничните водни ресурси, реф. Бр. AQUA-M II-CN1- SO 2.3 – SC021.

Во претресот по точката учествуваа: **Марија Магдинчева Шопова,Тихомир Ручкоманов,Ристо Камов,Магдалена Делковска ,Зоран Лазаровски членови на Совет и Сашо Поцков Градоначалник на Општина Гевгелија.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за позајмица на средства од Општинскиот буџет за реализација на Проектот: Одржливо управување на прекуграничните водни ресурси, реф. Бр. AQUA-M II-CN1- SO 2.3 – SC021 и **Советот со 17 гласа за ја усвои .**

**Точка 8. Предлог-Одлука за определување на крајбрежен појас на водотек, река Рауљ, низ блок 10.5 на град Гевгелија, опфатен со Урбанистички план за измена и дополнување на ДУП за дел од блок 10.5 на град Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за определување на крајбрежен појас на водотек, река Рауљ, низ блок 10.5 на град Гевгелија, опфатен со Урбанистички план за измена и дополнување на ДУП за дел од блок 10.5 на град Гевгелија

Во претресот по точката учествуваа: **Станка Карајанова вработена во општината,Ристо Камов,Магдалена Делковска,Димитар Јанев,Зоран Лазаровски,Томе Кичуков членови на Совет и Сашо Поцков Градоначалник на Општина Гевгелија.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за определување на крајбрежен појас на водотек, река Рауљ, низ блок 10.5 на град Гевгелија, опфатен со Урбанистички план за измена и дополнување на ДУП за дел од блок 10.5 на град Гевгелијаи **Советот со 10 гласа за,6 воздржани и 1 не гласал ја усвои .**

**Точка 9. Предлог-Одлука за давање на користење и располагање на Градскиот стадион – Фубалското игралиште во Гевгелија на ФК "Кожуф"-Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за давање на користење и располагање на Градскиот стадион – Фубалското игралиште во Гевгелија на ФК "Кожуф"-Гевгелија

Во претресот по точката учествуваа: **Зоран Лазаровски ,Тихомир Ручкоманов,Томе Кичуков,Магдалена Делковска членови на Совет и Сашо Поцков Градоначалник на Општина Гевгелија.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за давање на користење и располагање на Градскиот стадион – Фубалското игралиште во Гевгелија на ФК "Кожуф"-Гевгелија и **Советот со 16 гласа за и 1 воздржан ја усвои .**

**Точка 10. Предлог-Решение за именување членови во Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Гевгелија од редот на членовите на Советот на Општина Гевгелија.**

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решение за именување членови во Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Гевгелија од редот на членовите на Советот на Општина Гевгелија и **Советот со 14 гласа за и 1 воздржан го усвои и за членови се именуваат советниците Елизабета Јаневска,Трајко Арџанлиев и Томе Кичуков.**

**Точка 11. Информација за состојбата со јавното осветлување во населените места во општина Гевгелија .**

Претседателот отвори претрес по Информацијата за состојбата со јавното осветлување во населените места во општина Гевгелија **.**

**Во претресот по точката учествуваа:Тодор Тошев вработен во општината ,Ристо Камов член на Совет.**

**Точка 12. Информација за состојбата со занаетчиската дејност во општина Гевгелија.**

Претседателот на Советот даде предлог бидејќи претставникот не е присутен оваа точка да се разгледува на наредната седница и **Советот едногласно го усвои овој предлог.**

**Точка 13. Предлог-Решение за давање согласност на финансискиот извештај на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за периодот 01.01.2021г. – 31.03.2021 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за давање согласност на финансискиот извештај на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за периодот 01.01.2021г. – 31.03.2021 година.

Во претресот по точката учествуваа: **Златко Зумров директор на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија, Ристо Камов,Трајко Арџанлиев,Тихомир Ручкоманов и Магдалена Делковска членови на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на финансискиот извештај на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за периодот 01.01.2021г. – 31.03.2021 година и **Советот со 9 гласа за,4 против и 2 не гласале го усвои .**

**Точка 14. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на Југоисточниот плански регион, бр.07-230/1 од 29.01.2008 година.**

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на Југоисточниот плански регион, бр.07-230/1 од 29.01.2008 година и **Советот со 10 гласа за и 5 воздржани ја усвои .**

Бидејки Дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Совет ја затвори шеесет и третата седница на Советот на Општина Гевгелија.

**Записничар,**
**Благој Картов**

**Претседател**
**на Совет на Општина Гевгелија**
**Тодор Ристов**